

“Каменот раскажува...”

# Анка Данаиловска

слики



## Биографија

1972 родена во Куманово
1989 Завршила средно училиште за применета уметност
1995 Завршила ФЛУ- во Скопје на графички оддел во класата на професорот Димче Николов
1997 Член е на ДЛУМ - Друштво на ликовни уметници на Македонија
2005 Магистерски студии во Софија, Р. Бугарија на графички оддел кај професори Стојан Стојанов и Здравко Стојанов

## Студиски престој

2000 во Cite Internationale des Arts Париз-Франција
2006 во New York, USA

## Самостојни изложби

1997 во Куманово
1998 во Скопје
2002 во Париз, (Франција) Струмица, Куманово
2004 во Софија Р. Бугарија
2005 во Скопје, Куманово
2006 во Марибор - Словенија, во Берлин, Германија
2007 во Гевгелија
2009 во Скопје
2010 во Софија
2012 во Скопје во Кафе галерија 8
2012 во Скопје во Кафе Ли

## Награди

1998 Откупна награда на Галеријата Мијачки Зографи
1998 Награда за Мал формат на ДЛУМ
2000 Откупна награда за цртеж од НУБ
2000 Голема графичка награда на ДЛУМ
2002 Награда за графика Димче Николов
2003 Награда за Цртеж Никола Мартиновски
2005 Откупна награда за Графика за тв. Телма

Учествува на повеќе национални и интернационални групни изложби, ликовни колонии и проекти

Адреса: Владимир Комаров 1а-1-30, Скопје

E-mail: adanailovska@yahoo.com.

По повеќегодишното отсуство од галериските простори во родниот град Куманово, графичарката Анка Данаиловска со својата најнова изложба на слики со наслов " Каменот раскажува... " нè враќа во времето кога оваа авторка беше препознаена од пошироката публика како уметник кој развива оригинални ликовни концепти пред сè на полето на графичката уметност, паралелно остварувајќи притоа и забележителни дела од областа на сликарството и цртежот. И, ако тогаш детектиравме повеќе развојни насоки во кои оваа авторка можеше да се развива, денеска сме сведоци на финализирање на тие идеи во заокружени целини - авторски истражени во целост и дадени на увид на ликовната критика и публика. Една од тие насоки беше и фасцинацијата на авторката од каменот кој најпрвин срамежливо се појавуваше на нејзините рани трудови за од 2004 па наваму биде еден од елементите на кои Данаиловска ќе го гради својот авторски идентитет. Иако, визуелно, се работи за објект кој не е многу атрактивен за претставување (каменот во својата необработена форма), со инвентивниот пристап на Данаиловска работите на платното драстично се менуваат и каменот како поединец или, пак, како мултиплициран ентитет ја презема улогата на наратор на приказните кои се предмет на интересирање на авторката. Симболиката на каменот (цврст, констатен и траен), кој е замена за човекот (непостојан, честопати недоследен и временски лимитиран) е обид за фокусирање на вниманието на гледачот на проблематизирањето на меѓусебните односи и релации на чинителите во избраната сторија. Секако, истата е дадена преку призмата на личното искуство, но со горе посочената постапка е направен обид за издигнување на персоналното читање на степен на универзалното разбирање и споделување. Оттука и чувството за леснотија при техничката реализација на делата кои се вака содржински конципирани, со издиференцирани правила на игра, изграден ликовен вокабулар и препознатлива визуелно-естетска поетика. Самата претстава на каменот како носечки елемент од страна на Данаиловска е мошне специфичен, и ако се фокусираме на истиот ќе забележиме дека покрај белата боја којашто го претставува светлото и прави илузија на волумен присутни се и голем број на други бои (окер, сина, кафеава, црвена...) со што се добива чувство дека во безживотниот камен сепак постои топлина и знаци на живот. Ако кон ова ја додадеме и постапката на ставање на каменот во разни просторно - композициски релации и контексти со висечки табли, текстови, текстил, детски цртежи, станува јасно дека се отвара нов дискурс којшто може да најави дополнителни истражувања во таа насока.

Каменот како материјал е присутен во сите фази на човековиот развој и е користен најповеќе како градежен материјал и материјал за изработка на разни употребни алатки но и како предмет кој честопати имал мистично значење. Познато е верувањето на многу древни народи во таинствената моќ на каменот кадешто истиот е симбол на трајноста, цврстината и мудроста, толкуван како сеопшта божја присутност, имун на уништувањето на забот на времето...

Каменот од природата како нем сведок на случувањата на нашата планета за момент е преселен на платната на Анка Данаиловска и сведочи за нашето присуство при споделувањето на најновите дела на оваа авторка од која, пак, очекуваме и во понатамошниот период инспиративни настапи на македонската ликовна сцена...

Роберт Цветковски, историчар на уметноста




На растојание
од мене,
акрил на платно,
2013



Порака,
акрил
на платно,
2012




Ставена на проценка, акрил на платно, 2012




Собир, акрил на платно, 2012



Кладенец, акрил на платно, 2012



Сребрено небо, акрил на платно, 2012



Калдрма, акрил на платно, 2012

издавач: Национална установа - Центар за култура "Трајко Прокопиев" - Куманово
за издавачот: Роберт Павлевски
текст и фотографии: Роберт Цветковски
организација: Роберт Цветковски и м-р Зоран Арсовски
дизајн и компјутерска подготовка: Страшо Арсовски
печати: "Киме-Граф" Куманово, тираж: 300, година 2013

Проектот е финансиран од Министерство за култура на Република Македонија